# ‚Немојте да ме воздигнувате како што христијаните претерале во воздигнувањето на Иса синот Мејремин, алејхи селам. Навистина јас сум само роб па кажете: ‚Аллахов роб и Негов пратеник.‘“

Од Омер бин Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: ‚Немојте да ме воздигнувате како што христијаните претерале во воздигнувањето на Иса синот Мејремин, алејхи селам. Навистина јас сум само роб па кажете: ‚Аллахов роб и Негов пратеник.‘“

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, забранува претерување и преминување на шеријатските граници во неговото фалење и опишување со особини и дела кои му припаѓаат само на Аллах, како што се знаењето на скриеното или да му се упатува дова заедно со Аллах, како што направија христијаните со Иса, синот на Мерјем, алејхи селам. Потоа објасни дека тој е само роб од Аллаховите робови и нареди да го опишуваме како: Аллахов роб и Неговиот Пратеник.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3406